Датум:

30.01.2015

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби, при Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ), по Жалбата на Марјан Николовски за текстот со наслов "Подобро да ме убијат, отколку да живеам како стаорец", објавен на 10.01.2015 година на веб - порталот Нова Тв.**

**П Р Е Т С Т А В К А Т А Е Н Е О С Н О В А Н А**

**Не се прекршени одредбите од Кодексот на новинарите на Македонија**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 12.01.2015 година, се обрати лицето Марјан Николовски и поднесе Жалба за текстот со наслов "Подобро да ме убијат, отколку да живеам како стаорец", објавен на 10.01.2015 година на веб - порталот - Нова Тв. Во прилог на Жалбата, Николовски достави и "print screen" од објавениот текст на Новатв.мк. Жалителот наведува дека текстот содржи говор на омраза и дискриминација и во форма на заокружување укажува на конкретен дел од текстот каде што, според него, има содржина со говор на омраза и дискриминација.

Канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија веднаш по приемот на Жалбата, а во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, истата ја препрати до Интернет порталот Новатв.мк. Главниот и одговорен уредник на Новатв, Борјан Јовановски, одговори на Жалбата во пропишаниот рок. Во одговорот, уредникот Јовановски посочува дека редакцијата на Нова објавува колумна на авторот Билјана Секуловска, во рубриката “Евтини приказни”, во кои редовно се изнесуваат вредносни судови за одредени актуелни случувања. Јовановски објаснува дека, како и во другите колумни објавени во рубриката, авторот Секуловска и во оваа колумна го изнесува својот вредносен став за настаните во Македонија поврзани со трагичните настани во Париз кога беа убиени новинари во редакцијата на сатиричниот магазин Шарли Ебдо. Во продолжение на одговорот се вели дека авторката Секуловска во својата колумна ја осудува хипокризијата во Македонија во однос на слободата на говорот, обрнувајќи внимание на тоа дека станува збор за универзална вредност која треба да биде подеднакво почитувана и заштитувана. Во случајот на оспорената колумна редакцијата смета дека новинарката Секуловска со право го изразува својот револт кон сите оние кои во повеќе наврати игнорирале или поддржувале активности против слободата на изразувањето и како такви, според Секуловска, немаат легитимитет ниту, пак, релевантност да зборуваат за слободата на изразувањето. Во конкретниот случај, продолжува Јовановски, колешката Секуловска го изразува револтот против фактот што редакцијата на Сител во ниту еден момент не застана во одбрана на случајот на колегата Кежаровски, додека, пак, си даде за право да се најде повикана да изрази поддршка за загрозената слобода за изразување во Франција. Револтот кој Секуловска го изразува во својата колумна во однос на лицемерното однесување кон слободата на изразувањето како врвна цивилизациска вредност беше изразен на разни начини од илјадници корисници на социјалните мрежи, а како реакција на јавниот истап на редакцијата на ТВ Сител со транспарентите “И јас сум Шарли”, продолжува главниот и одговорен уредник на Новатв во одговорот. Јовановски го продолжува својот одговор со изјавата дека сметаат дека текстот на Секуловска и вредносните судови изразени во него не можат да бидат третирани вон рамките на членот 10 од Европската конвенција за човековите права и слободи.

За крај на одговорот, редакцијата на овој медиум ги повикува вработените во ТВ Сител кои се обратиле до Советот за етика во медиумите на Македонија да ги прегледаат случаите од судската пракса од Судот за човекови права во Стразбур и добронамерно им посочуваат да обратат посебно внимание на случајот Лингенс против Австрија, Обершлинг против Австрија и Јерсилд против Данска, со што ќе имаат и можност поконкретно да се запознаат со феноменот на говорот на омразата, како и со праксата на ЕСЧП во однос на вредносните судови за кои во случајот ја обвинуваат редакцијата на НОВА.

На седницата на 30.01.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Марјан Николовски и на главниот и одговорен уредник Борјан Јовановски и направи увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби најде дека Жалбата е НЕОСНОВАНА.

Во согласност со став 6 од преамбулата на Кодексот на новинарите на Македонија, следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат во јакнењето на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

Во согласност со член 5 од истиот Кодекс, новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или скрие нешто што е спротивно на јавниот интерес.

Во согласност со пресудата на ЕСЧП Dalban против Романија, новинарската слобода опфаќа и можно прибегнување кон одреден степен на преувеличување, па дури и провоцирање за прашања од јавна дебата или јавен интерес.

Комисијата за жалби најде дека објавениот текст на Новатв.мк е од јавен интерес, бидејќи од толкувањето на член 5 од Кодексот произлегува дека новинарот ќе ги почитува законите на државата, но нема да објави или да сокрие што и да е во спротивност со јавниот интерес, а тоа подразбира дека јавниот интерес, исто така, вклучува информации кои им помагаат

на луѓето да донесат одлуки од јавен карактер и го спречуваат заведувањето и манипулацијата со населението со изјави или постапки на поединци или организации.

Комисијата смета дека, во согласност со член 6 став 2 од Кодексот на новинарите на Македонија, новинарите, но и медиумите се субјекти од јавниот живот и треба да подлежат на критика и дека нивната работа влијае на креирањето на јавното мислење, но и на политичките состојби и на политичкиот систем на државата. Впрочем, во согласност со член 16 од Уставот на РМ се гарантира слободата на мислата и јавното изразување на мислата, говорот, јавниот настап и јавното информирање.

Како што може да се увиди од пресудата на ЕСЧП во предметот Dalban против Романија од 1999 година, Судот наведува дека новинарската слобода опфаќа и можно прибегнување кон одреден степен на преувеличување, па дури и провоцирање. Комисијата најде дека во текстот постои јасна дистинкција меѓу фактите и мислењата и дека медиумот како јавна институција која е дел од политичкиот живот е легитимна цел за новинарски коментари и анализи, се’ додека во нив нема тенденција на мешање меѓу фактите, тврдењата и мислењата.

Во согласност со овие наоѓања, Комисијата за жалби едногласно одлучи да ја отфрли Жалбата за текстот со наслов “Подобро да ме убијат, отколку да живеам како стаорец”, објавен на 10.01.2015 година на веб порталот  - НоваТв.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Филип Ѓурчиновски.

Со почит,
Комисија за жалби при СЕММ

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски